РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-905/1
23-02-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), членот 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 28-та седница, одржана на ден 17.02.2026 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-3409/1 од 23.12.2025 година, со наводи за сомневање за злоупотреба на службената положба и сторени коруптивни дејствија од страна на лицето ----------- -------------- судија во --------------- ----- ------------------ во спроведен судски процес, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај, поради тоа што предметните наводи и пријавените дејствија не се во надлежност на постапување на ДКСК и за истите друг орган е надлежен да постапува.

Пријавата да се достави на надлежно постапување на Судски совет на РСМ.

Предметот со број 12-3409/1 од 23.12.2025 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 23.12.2025 година, поднесена е пријава, по која е оформен предмет број 12-3409/1 од 23.12.2025 година. Во доставената пријава изнесени се наводи за сомневање за злоупотреба на службената положба како и сторени коруптивни дејствија од страна на лицето --------- ---------------------- судија во --------------- --- ---------------- во спроведен судски процес воден во кривичен предмет за кривично дело „Измама" од член 247 ст.4 в.в. со ст.1 в.в. со член 22 од Кривичниот законик. Во пријавата наведено е за сторена измама од

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

страна на --------- ----------------- претседател на Управен одбор на ------ ------------ ---, ----------- ------------- како заменик претседател, ----------- -----------, -------- -------------------, --------- ------------- како членови на Управен одбор на ------ --------------- ----, кои заради прибавување на противправна имотна корист за ------ ------------------ во вид на зголемување на неговите акции го довеле во заблуда оштетениот Бошко Спасовски како акционер во предметниот субјект да продаде дел од своите акции со што му била нанесена штета на својот имот заради презентирана лажна и погрешна слика дека ---- --------- --- ќе се трансформира во друштво со ограничена одговорност. Подносителот е незадоволен од судскиот процес а во прилог кон пријавата е доставен и дополнителен прилог со две судски пресуди.

Првата пресуда е со број -- - -----/--- од --.--.----- година донесена од Основниот суд -------- во кривичниот предмет за кривично дело „Измама“ од член 247 ст.4 в.в. со ст.1 в.в. со член 22 од Кривичниот законик. Со пресудата судот утврдил дека лицата --------- ---------------, ------- -------------, ------------ ---------, ------- -----------, ----------- ------------ се виновни за кривично дело Измама од член 247 ст.4 в.в. со ст.1 в.в. со член 22 од Кривичниот законик и членовите 32,33,35,48,49, и 50 од КЗ по што им изрекол алтернативна мерка – Условна осуда, така што им утврдил казна затвор во траење од 1 година, која казна нема да се изврши доколку обвинетите во рок од две години не сторат ново кривично дело. Исто така обвинетите биле задолжени солидарно да му платат на оштетениот трошоци во кривичната постапка и тоа поединечно по 12.310 или вкупно 97.840 денари во рок од 15 дена по правосилност на пресудата.

Втората Пресуда со број ---.---.----/--- од ----------- суд е донесена на --.--.------- година, врз основа на поднесена жалба на обвинетите ------------ -------------------, --------------- ----------- и ----- ------------ изјавена преку бранителот --------- ----------------, адвокат од -------- како и поединечна жалба на лицата обвинети --------- -------------- изјавена преку бранителот ---------- --------------, и обвинетиот --------- -------------- преку бранителот ---------- -------------, со која ја обжалуваат истата поради суштествени повреди на одредбите на кривичната постапка и повреда на кривичниот законик, со предлог жалбата да се уважи, обжалената пресуда да се преиначи така што ќе се одбие обвинението поднесено против обвинетите или обжалената пресуда ќе се укине и предметот се врати на повторно судење. Против првостепената пресуда навремена жалба изјавил и оштетениот како тужител --------- ------------ изјавена преку полномошникот ------------ ---------------, со која ја обжалува првостепената пресуда во делот на одлуката за кривичната санкција со предлог, жалбата да се уважи, обжалената пресуда да се преиначи и

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

на обвинетите да им се изрече ефективна затворска казна со која би се постигнала целта на казнувањето.

Во предметниот случај Апелационен суд донел пресуда дека жалбените барања на обвинетите се основани додека жалбеното барање на оштетениот е беспредметно. Подносителот е незадоволен од постапувањето на судијата кој учествувал во наведениот судски предмет, па од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно нејзините законски надлежности.

По разгледување на доставената пријава ДКСК констатира дека предметните наводи и пријавените дејствија не се во надлежност на постапување на ДКСК и за истите друг орган е надлежен да постапува па оттаму доставената пријава ќе се достави на надлежно постапување на Судски совет на РСМ.

Врз основа на наведеното, ДКСК оцени дека нема елементи за надлежно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изработил: П.Б., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: З.Б, член на ДКСК

Доставено до:
Подносителот на пријавата

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk